РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS

Бр./Nr. 09-798/1
18-02-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 46-та седница, одржана на ден 12.02.2021 година, донесе

**О д л у к а**

СЕ ЗАПИРА постапката по предмет со број 09-2159/1 од 01.04.2019 година, поради постапување на надлежен орган по Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија -------------.

Предметот со број 09-2159/1 од 01.04.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2159/1 од 01.04.2019 година е оформен врз основа на пријава со наводи дека Претседателот на Основен суд во ------------ го вработил својот поголем син на работа во истиот основен суд каде е претседател и енормно е збогатен со куќи, возила, дуќан за злато, кафана, станови, градежни плацови и друго.

Во врска со наводите за енормно збогатење на лицето -------------- веќе е отворен предмет во Одделението за следење на имотната состојба и интересите.

Во насока на утврдување на правилна и целосна фактичка состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до Основен суд ------------ и побара да се достави целокупната документација од спроведената постапка за вработување на лицето --------------- во Основен суд --------------.

Од добиената документација се констатира следново: Лицето ----------------, син на поранешниот Претседателот на Основниот суд во ----------------, сега судија во истиот суд, претходно бил вработен преку јавен оглас во Владата на Република Северна Македонија,

Секретаријат за спроведување на Рамковен договор, како помлад соработник за стратегија, планирање и следење во Одделението стратегија, планирање и следење.

По спроведена постапка за пополнување на работни места по основ на мобилност без јавен оглас, со преземање во Основен суд --------------, превземени се пет лица, помеѓу кои и лицето -----------------.

За да се спроведе споменатата постапка, добиена е претходна согласност за трајно преземање од Министерството за информатичко општество и администрација издадено на 21.05.2018 година во согласност со член 44 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор и како и добиена е согласност од Министерството за финансии доставено до Судскиот буџетски совет на 31.05.2018 година.

Лицето ----------------- е вработен во Основен суд ----------------- сметано од 03.10.2018 година на работно место – категорија "В", ниво "В4", Стручен судски службеник од четврто ниво со звање Помлад судски соработник, преку трајно преземање без огласување, што значи во звање кое го имал и при вработувањето во Секретаријат за спроведување на Рамковен договор.

На 14.03.2018 година Основниот суд ----------- склучил спогодби за преземање со Секретаријат за спроведување на Рамковен договор при Владата на Република Македонија за преземање на пет вработени.

Спогодбата за вработување без јавен оглас со трајно преземање на неговиот син со бр.0402-7/27 од 02.04.2018 година во име на Основниот суд --------------- ја потпишал ------------------, кој во тој момент бил Претседател на Основен суд --------------.

При ваква фактичка состојба, Државната комисија констатираше дека лицето ----------------- постапил спротивно на членот 12 од Законот за спречување на судир на интереси, кој повеќе не е во сила, но одредбите кои се однесуваат на изземањето се преточени во членот 75 став 1 од новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интересите, со тоа што не се иземал од учество во постапката за превземање на неговиот син --------------- и потпишал спогодба за превземање за наведеното лице од Секретаријат за спроведување на Рамковен договор во Основен суд -----------------.

По завршување на постапката за преземање на 03.10.2018 година се донесени Решенијата за распоредување на работни места на преземените вработени, а решението за распоредување на работно место на синот на претседателот на судот го потпишал Заменик претседателот на Основниот суд --------------.

Поранешниот Претседателот на Основниот суд --------------- во согласност со член 29 став 2 од Законот за спречување на корупцијата кој важел за време на преземањето и вработувањето на неговиот син во Основниот суд ------------ во предвидениот законски рок

од 10 дена, на 10.10.2018 година го пријавил вработувањето на неговиот син до Државната Комисија за спречување на корупцијата.

Постапката за вработување без јавен оглас со трајно преземање за лицето -------------- е спроведена согласно Законот за вработените во јавниот сектор, но при склучување на спогодбата за преземање не е почитуван членот 12 од Законот за спречување на судир на интереси, кој се однесува на изземањето, а истиот е преточен во членот 75 став 1 од новиот Закон за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Од претходно наведеното, Државната комисија сметаше дека постои основано сомневање дека службеното лице --------------- - судија во Основен суд --------------при извршување на функцијата Претседател на Основен суд Кичево, ги искористил своите овластувања и должности и одлучил во интерес на блиско лице, ставајќи го интересот на блиското лице пред јавниот интерес, односно вршењето на работите од јавен интерес ги искористил за остварување на лични цели.

Поради наведените причини, Државната комисија му предложи на Судски совет на Република Северна Македонија, согласно своите надлежности, да поведе постапка за утврдување на одговорност на службеното лице ----------------- – судија во Основен суд -----------.

На ден 10.12.2020 беше одржана расправа во просториите на Судски совет по однос на Барање за поведување на постапка за утврдување на одговорност на судија Баки Алили на Државната комисија, на која беше повикан и наведениот судија. Подносителот на барањето, во овој случај овластениот член на ДКСК за предметот, Нури Бајрами истакна дека се што е констатирано е изнесено јавно и стои во одлуката донесена од Државната комисија, согласно предвидената постапка при констатирање на повреда на ЗСКСИ, Државната комисија се обраќа до надлежни органи, во овој случај Судски Совет н РСМ. Судијата ------------- во својот завршен збор истакна дека наводите во барањето се неосновани и непоткрепени, во ситуација кога неговиот син не е повеќе во работен однос во Основен суд ----------. На наведената расправа беа изведени доказите кои ги поседува Судски Совет на РСМ. На крај од расправата беше истакнато дека врз основа на член 69 од Законот за судски совет на РСМ, Советот на седница расправа по извештајот на комисијата и по завршување на расправата одлучува. За одлуката ќе биде известен и подносителот на барањето у судијата против кого е поднесено барањето.

На ден 30.12.2020 година, Судски совет на РСМ, одлучувајќи по барањето за утврдување на одговорност на службеното лице -------------- – судија во Основен суд -------------- доставено од Државната комисија, по спроведена постапка, согласно член 69 став 4 од Законот за Судски совет на РСМ, а во врска со член 78 од Законот за судови на одржана седница на ден 24.12.2020 година донел одлука дека на --------------, судија на Основен суд -----------, му се

изрекува писмена опомена согласно член 78 став 1 алинеја 1 од Законот за судови, за сторена дисциплинска повреда по член 77 став 1 точка 2 од Законот за судови.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**